Рина КИРКОВА
Ненад ТАНЕСКИ

**УДК: 355.02:005.44(470+571:477)(091)**
**327:911.3(470+571:477)(091)**
Прегледен труд

# УКРАИНСКАТА КРИЗА КАКО ГЛОБАЛЕН БЕЗБЕДНОСЕН ПРЕДИЗВИК

***Кратка содржина***

*Руската инвазија на Украина – најтешката безбедносна криза во Европа во последните децении, ја поттикна ЕУ да донесе одлуки без преседан за безбедноста, одбраната и проширувањето на ЕУ. За прв пат се донесени одлуки за испорака на смртоносно оружје на трета земја и одлуки за зајакнување на одбранбената соработка во услови на нова перцепција за заканата. По прв пат се активираше Директивата за привремена заштита од 2001 година, со која се доделува привремен престој на украинските бегалци. Огромната поддршка за резолуцијата на ОН со која се осудува руската инвазија јасно ни докажува дека државите ширум светот на инвазијата гледаат како напад на глобалните норми. Сепак, креаторите на политиката во одредени држави, ја менаџираат кризата од аспект на нивниот национален интерес. Во овој труд ќе бидат анализирани разликите во регионалните и националните ставови во однос на настаните во Украина, односно геополитичките, економските и безбедносните фактори кои влијаат во донесувањето на одлуките за справување со украинската криза.*

***Клучни зборови: криза, меѓународна безбедност, меѓународни односи, соработка***

## Вовед

Ако се читаат делата на Кисинџер, Бжежински, Хантингтон и многу други врвни познавачи на меѓународните односи ќе се заклучи дека украинскиот конфликт беше предвидлив многу пред 2014 година. По Мајданската револуција веќе беше сосема јасно дека е само прашање на време кога ќе се случи крвав и неконтролиран конфликт. На 24 февруари 2022 година Русија, на повик на Доњеската и на Луганската Република, ја започна својата специјална операција во Украина која имаше за цел да ја демитализира територијата на која живее доминантно население чиј мајчин јазик е рускиот. Иако европските челници повторуваа дека се изненадени и дека не верувале во намерата на Русија, сепак за многу кратко време стана јасно дека назад враќање нема. Наместо да се најдеше дипломатски начин за

спроведување на минските договори, европските челници поддржани од нивните американски сојузници и покрај противењето на Русија, повторуваа дека местото на Украина е во НАТО.

На 2 март 2022 година, Генералното собрание на ОН, со 141 глас „ЗА" ја поддржа Резолуцијата за осуда на руската инвазија на Украина и повика на итно повлекување на руските сили, нагласувајќи ја сѐ позасилената изолација на Русија на глобално ниво. Само пет држави Белорусија, Северна Кореја, Еритреја, Сирија и Русија се спротивставија. Ова гласање беше позитивен сигнал за Украина и за нејзините западни сојузници, кои во текот на целата криза тврдеа дека дејствијата на Русија не се само предизвик за европската безбедност, туку и на глобално ниво ги предизвикуваат принципите на суверенитет и неупотреба на сила содржани во Повелбата на ОН. Во однос на руската анексија на Крим и украинската криза, односите помеѓу Европа, САД и Русија претставуваат збир на реакции на големите сили. Различните интереси и историски врски со Источна Европа и Русија предизвикаа разлики во донесените одлуки по одредени прашања од страна на одредени европски држави и САД. Сите преземени мерки одат во насока на наметнување на санкции и напуштање на рускиот пазар, зајакнување на источното крило на НАТО со цел деескалација на конфликтот и реформи на ЕУ согласно со Процесот на стабилизација и асоцијација кој беше воведен од страна на Европската Унија во 1999 година. Сепак, и покрај големата поддршка за резолуцијата за осуда на Русија, имаше забележителни поделби меѓу земјите членки на ОН за тоа како да се одговори на кризата. Од гласањето се воздржаа Кина, Индија и Јужна Африка – држави од БРИКС. Бразил гласаше ЗА, а државите од Африка беа поделени, при што 28 ја поддржаа резолуцијата, а 25 беа воздржани или воопшто не гласаа, додека пак арапските земји од Персискиот Залив гласаа ЗА. Геополитичките фактори, економските притисоци и безбедносните закани, домашните политички спорови придонесоа за различни ставови на регионално и национално ниво во однос на украинската криза. Конфликтот помеѓу Русија и Украина е глобално безбедносно прашање, но одговорите на државите се условени од внатрешно-политичките проблеми и од надворешно-политичките приоритети.

Двете страни во конфликтот имаат сопствени објаснувања за корените на конфликтот и правото да ја зачуваат односно бранат својата национална безбедност. Украина тврди дека со барањето за членство во НАТО се обидувала да најде начин да одговори на руската агресивна политика на нејзината територија, додека Русија тврди дека со неимплементацијата на минските договори кои требаше да ги гарантираат правата на руското население од една страна се загрозува животот и безбедноста на руската дијаспора, а со барањето за членство во НАТО се загрозува и безбедноста на Руската Федерација. Русија отиде чекор понатаму. Рускиот претседател Путин, отворено ја доведе во прашање историската легитимност на украинската државност и народ, инсистирајќи на тоа дека Русите и Украинците

се „еден народ“, а вистинскиот суверенитет на Украина е можен само во партнерство со Русија.

Која е целта на руската инвазијата? Одговорот на ова прашање мора да го бараме во суштината на руската геополитика, која ги опфаќа сите начини на одлучување на Москва. Примарен императив на руската геополитика е домашната политичка консолидација за заштита од надворешни закани без разлика дали доаѓаат од блиското или пак од глобалното опкружување и проширувањето на своето регионално влијание особено во земјите од поранешниот Советски Сојуз, но и пошироко до максимални граници.

Со проширувањето на НАТО кон поранешниот советски блок се наруши клучниот императив за Русија. Тоа кај Москва создаде чувство на несигурност и небезбедност, и од соседните земји кои се приклучуваат на НАТО и од надворешните сили, а првенствено од САД кои се силни поддржувачи на проширувањето на Алијансата.

Во периодот помеѓу 1990-тите и раните 2000-ти години, Русија беше премногу слаба да го запре ширењето на НАТО во Централна Европа и балтичките земји. Меѓутоа, Москва во 2008 година и во 2014 година беше подготвена да војува во Грузија и во Украина. Во процесот на донесување одлуки за воени интервенции во поранешните советски држави, пресметката на Русија се темели на стратешка рамка во чија основа се пет услови/променливи: причина-настан/ситуација; локална поддршка; очекувана воена реакција; техничка изводливост; и релативно ниски очекувани политички и економски трошоци, а особено кога станува збор за невоен одговор на воената интервенција, како што се санкции или дипломатски ограничувања.

Овие пет услови се исполнети во случајот на руската воена интервенција на Грузија во 2008 година, а целта беше Русија да го поткопа стремежот на Грузија за пристапување во НАТО. Пресметките на Москва беа дека Грузија не е членка на НАТО, па оттука одговорот на западните сојузници ќе биде релативно ограничен и лесно ќе може да управуваат со трошоците. Грузиските воени сили беа многу послаби од руските, што технички, воената интервенција беше лесно изводлива. Петдневната руско-грузиска војна наводно се водеше поради спорни територии, но вистинската цел на Москва беше геополитичка. Таа ги казни Грузијците и ги предупреди останатите за обидите за членство во НАТО, испраќајќи јасна порака до западните сојузници дека Русија со употреба на сила е подготвена да ги брани своите интереси надвор од својата територија и евентуално да ја поврати хегемонијата над некогашните држави членки на СССР.

И во случајот со Украина во 2014 година, сите услови беа исполнети. Евромајденската револуција којашто го сруши од власт прорускиот претседател на Украина, Виктор Јанукович, беше причина за почеток на руската интервенција. Најсилната локална поддршка за руската интервенција беше во Крим и во регионот Доњецк во источна Украина, но во остатокот

од земјата поддршката беше ограничена. Во Крим, Русија веќе имаше свои трупи, логистички беше обезбедена и имаше директен пристап до регионите Доњецк и Луганск. Исто како и во случајот со Грузија, Украина не е членка на НАТО, а проценката на Москва беше дека Алијансата нема да интервенира во случај на руска воена интервенција. Стратешка цел на Русија беше да ја сруши новата прозападно ориентирана Влада на Украина и да го блокира членството во НАТО. Како краен резултат на воената интервенција беше анексијата на Крим и тековниот конфликт во источна Украина што се уште трае. Резултат од војната што избувна во источна Украина во 2014 година беа 14 000 мртви и околу 1,4 милиони раселени лица, доминантно руско население.

**Реакција на руската анексија на Крим**

Во однос на анексијата на Крим ќе ја разгледаме реакцијата на големите сили, што е од суштинско значење за разбирање за развојот на односите помеѓу Русија и Европа. Како и претходно низ историјата во период на други меѓународни кризи, така и во случајот со Украина, големите сили се тие што ги структурираат меѓународните односи. Во украинската криза директно беа вклучени држави коишто имаат силни врски со постсоветскиот регион - Германија и Полска, и држави коишто со помал обем беа вклучени во конфликтот - САД, Франција и Обединетото Кралство. Овие држави го обликуваат моделот на меѓународните коалиции во однос на прашањето за Русија.

- За Германија голем предизвик беше одржувањето на конзистентна надворешна политика, со што се наметна како клучен актер во европско-руските прашања. Нејзината лидерска улога беше забележана во нејзината решителност со санкции да одговори на руската анексија на Крим, но од друга страна, со цел за да избегне ескалација на состојбата избегнуваше да распореди сили на НАТО и притоа ги држеше отворени каналите за комуникација со Русија. Во раната фаза на украинската криза, Германија реагираше со помирувачка реторика, во смисла дека и Русија и Европа треба да работат на стабилизација на земјата и да се спречи создавање на нови поделби во Европа. Германија уште од рана фаза го поддржа создавањето на „Контакт-група" предводена од ОБСЕ (Boston Globe, 2014). Меѓутоа, по воениот упад на Русија на Крим и анексијата на Полуостровот, позицијата на Германија набргу се смени и таа се обедини со другите 27 членки на ЕУ и САД (Bundestag, 2014). Германија се согласи со наметнување забрана за патување и замрзнување имоти на руски политичари и бизнисмени, а форматот на Г-8 повеќе не постоеше (ABC, 2014). Уште во 2006 година германското Министерство за надворешни работи ја опиша нивната политика кон Русија како политика на „зближување преку економско

испреплетување“, односно како најважниот мост помеѓу Европа и Русија, а нивното најголемо достигнување би бил успешната интеграција на Русија во меѓународниот поредок заснован на правила. (Stelzenmüller, 2009) Генерално, Германија се стреми да избегне ризични конфронтирачки потези кои би биле ризик за да ја нарушат политичката рамнотежа со Русија и дополнително да создадат домашни проблеми како на пример национализам и милитаризам. (Chivvis and Rid, 2009) Од друга страна, силната посветеност на Германија кон почитување на меѓународното право ја принуди да ја осуди анексијата на Крим. Креирањето на германската надворешна политика на сите нивоа го негува мултилатерализмот, меѓународните правила и градењето консензус. (Krause, 2004) Анексијата на Крим претставуваше предизвик за германската надворешна политика, бидејќи Германија е силен поддржувач на заедничката надворешна политика на ЕУ. ЕУ, како и Германија, постојано ги фаворизира нормите и правилата на моќта во меѓународните односи. Исто така, германско-руските односи се значајни за Германија не само од економска смисла, туку и од политичка, бидејќи сите се свртени кон Берлин како главен координатор за одговорот на ЕУ. (Janning, 2015)

- Позицијата на Варшава претставува антитезата на политиките на Берлин во смисла на барањето за големо воено засилување во НАТО-членките, давајќи му поддршка на Киев и повик за преземање на заеднички мерки за казнување и изолирање на Русија за нејзините дејствија во Украина. Украинската криза, го истакна подемот на Полска од нејзината маргинална позиција како нова членка на НАТО во 1999 година, во меѓу првите шест највлијателни земји денес. Полска вложи голем напор да му обезбеди континуиран западен курс на Киев. Со оглед на историското и дипломатско искуство на Полска и улогата што ја игра во политиката на источното партнерство, ЕУ ја смета улогата на Полска за европски лидер во врска со украинското прашање и нема да презема никакви одлуки во врска со Украина без Полска. Таа е против руските побарувања за федерализација на Украина и силно се залага за членство во ЕУ на Украина (EUobserver, 2014). Полска го иницираше распоредувањето на советодавната мисија на Европската Унија во Украина, цивилна мисија на заедничката безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија. (EEAS, 2019) Целта беше да им се помогне на украинските власти да го реформираат цивилниот безбедносен сектор. На барање на украинската Влада, мисијата официјално започна со работа на 1 декември 2014 година. (Deutsche Welle, 2015) Како одговор на анексијата на Крим, Полска, повикувајќи се на членот 4 од Северноатланскиот договор ги повика членките на НАТО на итен состанок, на којшто беше поставено прашањето дали

анексијата на Крим претставува прва фаза од руското делување во Украина.

Полска е една од најголемите земји од поранешните комунистички држави и со оглед на нејзината успешна демократска транзиција се смета за мост помеѓу Истокот и Западот. Недвосмислениот историски наратив ја принудува Полска на одбранбено-конфронтирачка позиција во однос на Русија, поддршка на Киев и зајакната улога на НАТО.

- Во однос на САД јасно е дека се во директен судир со Русија и изразија силна поддршка за проевропските сили во Украина уште во рана фаза на руско-украинскиот конфликт. Сериозноста на несогласувањето во врска со Украина ги доведе САД во ситуација на приспособување и координирање на санкциите со ЕУ. Уште во 2014 година, во тоа време потпретседателот на САД Џо Бајден, при посетата на Литванија и Полска изјави дека нема да се толерира никаква агресија кон НАТО-сојузниците. (White House, 2014) САД има моќни алатки со кои може да влијае на способноста на Русија да пристапи до глобалните банкарски и трговски системи. (Zarate, 2014) Падот на Берлинскиот ѕид се сметаше за триумф на решителноста на САД да ја бранат слободата и демократијата во Европа преку НАТО. Успешните демократски транзиции во централна и источна Европа во 1990-тите и 2000-тите години, ја докажуваат решителноста на САД и сојузниците за проширување на ЕУ и НАТО. Руската анексија на Крим во 2014 година, од страна на САД, беше протолкувана како напад против слободната волја за определување на државите. САД нема да дозволат Русија да го сруши европскиот безбедносен систем. Поделбата на товарот со ЕУ во однос на нејзините моќни економски ресурси, во минатото се покажа како клучен фактор за одржување на Украина. Украинската криза ги истакна трајните дилеми за промовирање на демократијата и ги принуди западните сојузници да преземат пооддлучни чекори во однос на санкциите против Русија и зајакнувањето на НАТО.

- Франција застана на страната на САД за преземање на построги санкции против Русија. Во споредба со нејзината улога како посредник во грузискиот конфликт, кога Франција се обиде да обезбеди консензус за тоа прашање, овојпат зазема независен надворешно-политички став, преку кој ја осуди руската анексија и порача преку дијалог ситуацијата да деескалира. (Reuters, 2014) Франција го поддржа суспендирањето на учеството на Русија во Г-8 и ја откажа закажаната посета на Русија на нејзините министри за надворешни работи и за одбрана, меѓутоа одлучи да не ја откаже посетата на Путин на Франција во јуни 2014 година за да ја прослави седумдесетгодишнината од истоварувањето во Нормандија. Франција се зака-

ни со пошироки економски санкции кога проруските сепаратисти упаднаа во владините згради во источна Украина. Од друга страна, Франција не само што се спротивстави на секое спомнување на украинското членство во ЕУ, туку сакаше да потврди дека Украина никогаш нема да стане членка (EU observer, 2014). Визијата на Франција е ЕУ составена од концентрични кругови, каде што во центарот се главните носечки држави на Унијата, а на периферијата придружни членки како Турција и Украина. (Adler-Nissen, 2014) Франција е силен поддржувач на членот 5 од НАТО- договорот, со сериозност за предизвиците за кредибилитетот на НАТО како колективна одбранбена алијанса, меѓутоа од друга страна пак, Франција јасно стави до знаење дека воената акција во Украина сама по себе нема да биде опција. (Ministère de la Défense, 2013)

- Обединетото Кралство, традиционално презема сериозни санкции против Русија во однос на Руската анексија на Крим. Воената соработка и одбранбениот извоз се трајно намалени, а се донесоа одлуки за намалување на европската зависност од рускиот извоз на енергија, односно се преземаа мерки за заштита од повторно кршење на меѓународните норми. (Guardian, 2014) Обединетото Кралство и покрај добрите односи со Русија развиени со текот на годините одлучи да ја прекине сета воена соработка и одбранбен извоз во Русија и ги повика своите европски сојузници да го следат примерот. По воениот упад на Русија во Крим, министерот за надворешни работи на Обединетото Кралство беше прв висок западен функционер кој ја посетил Украина. Обединетото Кралство повика на сериозно засилување на НАТО и спроведување на вежби во балтичките држави и во источноевропските земји членки на НАТО како начин Русија да се увери за решителноста во почитувањето на членот 5 од НАТО-договорот. Руската анексија на Крим, претставува освестување за Обединетото Кралство, поаѓајќи од фактот дека Стратегијата за национална безбедност на Обединетото Кралство од 2010 година, конвенционалниот напад против НАТО го рангира во категоријата со најнизок приоритет и во однос на неговата веројатност и неговиот ефект. (U.K. Ministry of Defence, 2010). Обединетото Кралство е во поповолна позиција од другите европски големи сили бидејќи не се потпира на рускиот гас и нема значајни договори за трговија.

## Регионален одговор на руската инвазија на Украина

Позиционирањето на Кина во однос на украинската криза е концентрирано од неколку интереси. Кина е во постојана заложба за пријателски односи со Русија, најмногу поради економски интереси и заеднички ставови околу светскиот поредок. Како второ, Кина не сака да ги влоши

односите со САД и Европа, сè со цел одржување на нејзиниот континуиран економски развој. Пекинг е врзан за принципите кои долго време се начела на неговата надворешна политика, а тоа е важноста за заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на сите држави. Руското признавање на независноста на Доњецк и Луганск, потенцијално претставува паралела за американската поддршка за Тајван, за кој Пекинг тврди дека е дел од Кина.

Откако започна нападот на Русија, Кина официјално зазема позиција на неутралност, но всушност согласно со преземените политики кон Москва оддава впечаток на наклонетост и поддршка. Во ОН Пекинг беше воздржан наместо да стави вето на резолуцијата на Советот за безбедност со која се повикува Русија да се повлече од Украина. Во исто време, Пекинг ѝ дава значителна морална и политичка поддршка на Москва со прифаќање на рускиот наратив дека нејзините дејствија се резултат на легитимните безбедносни грижи предизвикани од проширувањето на НАТО кон Исток, како и кршење на меѓународното право само во границите во кои претходно тоа го сторија САД. Очигледно е дека Кина, украинската криза ја следи преку објективот на нивната конфронтација со САД, па неретко во реториката против САД се појавува и прашањето за статусот на Тајван. Кина претпочита да ги повикува страните во конфликтот да го решат спорот преку дипломатски преговори. Односно, Пекинг настојува да не биде премногу изложен на критики од Запад, а истовремено да ја искористи секоја можна ситуцаија во своја полза. Кина не учествува во санкциите коишто ѝ ги воведе Западот на Москва. Кина дури и ги подобри трговските и финансиските врски со Москва, а прашањата кои се конфликтни за овие две држави воопшто не се на дневен ред.

Индија остана воздржана при гласањето за резолуцијата на Генералното собрание на ОН. Кога Русија ја нападна Украина, Индија веднаш се најде во центарот на вниманието како пријател на Москва и земја која традиционално сака да се прикаже себеси како најголема демократија во светот. САД и европските земји вршеа притисок врз Индија да не застане на страната на Москва, а украинскиот амбасадор во Њу Делхи замоли Индија да ја прекине својата политичка поддршка за Русија. Индија одбра да биде неутрална меѓутоа со очигледна наклонетост кон Русија. Неколку пати се воздржа за гласањето за санкции и осуда на нападот на Русија. (The Hindu, 2022) Индија и Русија споделуваат стратешко партнерство кое датира од Студената војна, а се однесува на воено-техничката соработка, што резултираше со тоа што повеќе од 60 отсто од вооружувањето и одбранбените системи на Индија се од руско потекло. (Cameron, 2009) Во 2018 година, Њу Делхи потпиша договор вреден 5,43 милијарди долари со Москва за купување на ракетниот систем С-400. Индија вешто ги балансира односите со големите сили како што се САД, Кина и Русија. Таа е член на Шангајската организација за соработка предводена од Кина и Русија. Исто така, има трилатерални односи со САД и Јапонија и со Русија и Кина. Ин-

дија не е загрижена за дипломатските предизвици околу руската инвазија, а нејзиниот фокус се однесуваше на евакуација на 20.000 индиски студенти. Меѓутоа, Индија нема да може да ги игнорира стратешките предизвици и последици што ќе ги донесе војната во Украина. Тука спаѓаат негативните економски последици од санкциите кон Русија и потенцијалот за натамошно продлабочување на односите меѓу Русија и Кина.

Турција гласаше ЗА резолуцијата на Генералното собрание, бидејќи сепак конфликтот во Украина е голем проблем за Турција кој се заканува не само да ги оштети односите на Анкара со Москва, туку и нанесува штета на турската економија, зголемувајќи ги трошоците за енергија и спречувајќи ги руските и украинските туристи да ја посетат Турција. Се проценува дека падот на туризмот може да значи до 6 милијарди долари изгубени приходи за Турција. Турција изрази силна поддршка за суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина, но исто така се обиде да ги минимизира тензиите со Русија и се воздржа од гласањето за суспендирање на Русија од Советот на Европа на 25 февруари 2022 година. На 1 март 2022 година, Турција објави дека нема да воведе санкции кон Русија, штитејќи ги сопствените „национални интереси“, ставајќи се во улога на актер кој може да преговара со Русија. Турција се обиде да ги ограничи ризиците од ескалација, со забрана на премин на воените бродови на НАТО и Русија во теснецот Босфор и овозможи еден избалансиран пристап кон конфликтот.

## Геополитичко будење на Европа

Како реакција на руската инвазија на Украина, ЕУ примени цел пакет на мерки, во кои спаѓаат жестоките економски санкции и активирање на Европскиот фонд за опремување на Украина со оружје. Руската инвазија на Украина го поттикна геополитичкото будење на Европа. Војната трајно ќе ја преобликува европската безбедносна архитектура, а ЕУ ќе ги примени сите мерки за да ја врати контролата врз својата политичка, стратешка и енергетска иднина. Самитот во Версај кој се одржа во март оваа година, беше фокусиран на европската енергетска независност и на европската одбрана. Руската инвазија на Украина ја принуди ЕУ да се справи со меѓусебно поврзаните безбедносни и економски предизвици, користејќи комбинирани геополитички и геоекономски алатки. За кратко време ЕУ усвои пакет мерки и жестоки санкции, со последици што ќе се почувствуваат во сите земји членки на Унијата, но целта е колапс на руската економија. Санкциите се насочени кон технолошки трансфери, руски банки и руски сметки, а Русија се соочи со изолација без преседан, бидејќи ова беше најстрогиот пакет санкции што Унијата досега го има спроведено. Следуваа санкции коишто вклучуваат ограничување на Русија да тргува во долари, евра, фунти и јени како дел од глобалната економија и запирање на нејзините можности за финансирање и унапредување на руската војска и санкционирање на втората по големина банка во Русија. Министрите за

надворешни работи на балтичките земји побараа Русија да биде отсечена од SWIFT, глобалниот посредник за финансиските трансакции на банките. Набргу потоа беше објавено дека големите руски банки ќе бидат отстранети од SWIFT, но со ограничена пристапност за да се обезбеди континуирана способност за плаќање за пратките на гас. САД воведоа контрола на извозот, нова санкција фокусирана на ограничување на рускиот пристап до високотехнолошки компоненти, хардвер и софтвер, кои се направени со какви било делови или интелектуална сопственост од САД. На 27 февруари 2022 година ЕУ објави дека го затвора својот воздушен простор за руски авиокомпании. Трендот на санкции во следниот период ќе се интензивира бидејќи низа европски гасни и нафтени компании - вклучувајќи ги Бритиш Петрол, Шел и Еквинор - ги повлекуваат своите руски инвестиции, погодувајќи го Кремљ онаму каде што најмногу може да се наштети: неговиот енергетски сектор. Со овие геополитички мерки ЕУ укажува дека е подготвена да ја плати високата цена на енергенсите.

На 28 февруари 2022 година како одговор на руската инвазија ЕУ одобри нови мерки кои вклучуваа забрана за трансакции со руската централна банка и пакет за поддршка од 500 милиони евра за финансирање, опрема и набавки наменети за украинските вооружени сили. ЕУ ја одобри суспензијата на радиодифузните активности во ЕУ на „Спутник“ и „Русија денес“, сè додека не се стави крај на агресијата врз Украина и сè додека Руската Федерација и нејзините придружни медиуми не престанат да спроведуваат дезинформации и манипулација со информации против ЕУ и нејзините земји членки.

Советот на ЕУ воведе дополнителни рестриктивни мерки во однос на извозот на стоки за поморска навигација и радиокомуникациска технологија во Русија. Истиот месец следуваше нов пакет економски и индивидуални санкции против Русија којшто вклучуваше забрана за трансакции со одредени државни претпријатија, нови инвестиции во рускиот енергетски сектор, построги извозни ограничувања во однос на стоки со двојна употреба, како и стоки и технологија што може да придонесат за технолошкото унапредување на рускиот одбранбен и безбедносен сектор. ЕУ исто така воведе и трговски ограничувања за железо, челик и луксузни стоки.

На внатрешен план, ЕУ почна да ги ублажува предизвиците што директно ги засегаат европските држави. Креаторите на политиките во Брисел ја активираа Директивата за привремена заштита, изработена во 2001 година, која досега никогаш не се користеше. Овој механизам за итни случаи дава заштита на голем број украински бегалци, вклучително и право на престој, како и пристап до пазарот на трудот, медицинска помош и образование. За директно да ги поддржи луѓето во Украина, ЕУ најави и важен пакет хуманитарна и финансиска помош.

Со ставање во функција на Европскиот мировен фонд (иницијатива прогласена за оперативна во јули 2021 година со цел да се пополнат финан-

сиските празнини во заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ и билатералната поддршка на земјите партнери во делот на одбраната) ЕУ се постави како клучен безбедносен актер во оваа нова геополитичка средина. Овој инструмент ќе обезбеди 500 милиони евра за опремување на Украина со оружје. Најдраматичен пресврт во својата одбранбена политика направи Германија, со најава на посебен фонд од 100 милијарди евра за трошоци за одбрана во следните четири години и постојана посветеност на повеќе од два отсто од годишните трошоци за одбрана. Покрај Германија и Шведска најави дека ќе ги зголеми трошоците за одбрана, а Романија и Латвија имаат за цел да ги зголемат трошоците за одбрана на 2,5 отсто од нивниот БДП. Исто така, Полска најави дека до 2023 година планира да ги зголеми трошоците за одбрана на три отсто. Данска значително ќе го зголеми буџетот за одбрана и ќе се обиде да стане независна од рускиот природен гас како одговор на руската инвазија на Украина и постепено ќе ги зголемува трошоците за одбрана за да достигне 2 отсто од БДП до 2033 година, што е еквивалентно на зголемување на годишните трошоци за одбрана од околу 2,65 милијарди долари.

Сета оваа нова геополитичка игра, претставува политика за враќање на моќта на ЕУ и предизвик овие напори да останат одржливи. Зголемувањето на трошоците за одбрана од страна на одредени земји членки на ЕУ е важна почетна точка, но овие напори мора да се преточат во координација на ниво на цела ЕУ. Координираното користење на Европскиот одбранбен фонд и програмата за задолжување за финансирање на европската одбрана, слична на напорите за ублажување на последиците од пандемијата, треба да ѝ овозможи на ЕУ да се засили против конвенционалните и хибридните закани. Во случај на дестабилизација на балтичките земји или на северните земји членки од страна на Русија, зајакнувањето на отпорноста е основен услов за создавање капацитети коишто ќе одговорат на идните предизвици.

Сепак, за да стане геополитички актер, ЕУ треба да ја стави во функција веќе воспоставената безбедносна структура, односно членот 44 од Договорот за Европската Унија, преку кој ЕУ го делегира извршувањето на безбедносната задача на група држави кои сакаат и можат да дејствуваат во областа на безбедноста и одбраната. За таа цел, НАТО и земјите партнери треба да најдат поддршка во борбените групи на ЕУ, мултинационални воени единици за брз одговор создадени во 2003 година, единици коишто никогаш претходно не се употребени. За сето ова да биде одржливо, ЕУ треба да ја промени политиката кон балканските земји. Преговорите за влез во ЕУ со овие земји се во застој, што претставува причина тие да бараат парнерство надвор од ЕУ, особено со Кина, Турција и Русија. Останатите држави кои не се членки на ЕУ се плашат дека ќе станат жртви на руската агресија, а заканата што произлегува од руското влијание треба да ја зајакне соработката и соседската безбедносна политика помеѓу ЕУ и државите кандидати за членство во Унијата.

Секако војната во Украина ќе ја принуди ЕУ да ги диверзифицира своите извори на енергија, а креаторите на политиките ќе треба да го подготват населението за повисоки цени на енергијата и сериозна инфлација, пред да ги почувствуваат последиците од санкциите. За да се зајакне европската одбрана, а одбранбените напори на ЕУ да бидат одржливи, потребна е одржлива политичка волја. По случувањата во Украина, одредени членки на ЕУ применуваат многу пореален пристап во консултациите со источноевропските партнери и изразуваат спремност за долгорочни промени за нивната улога во европската одбрана. Згрижувањето на голем број бегалци од страна на источноевропските земји членки укажува на промена во претходното однесување со мигрантите од сириската граѓанска војна. ЕУ е свесна дека не смее да си дозволи недостаток на координација, па дури и земјите кои традиционално се претпазливи за одбранбената соработка преку ЕУ веќе го преиспитуваат својот став. Под услов земјите членки на ЕУ да се согласат за огромните инвестиции во одбраната на ЕУ, ќе следува координација на напорите за заемно поврзување и истовремено обезбедувајќи компатибилност со НАТО. По овие прашања европските држави сè уште не покажуваат потребен степен на координација. Проектот за воена мобилност наречен „Постојана структурирана соработка за безбедност и одбрана на ЕУ (PESCO)“, е дефиниран како стратешка платформа што без грешки ќе обезбеди брзо испраќање на воен персонал и опрема низ цела ЕУ преку железница, копнен пат, воздух или од море.

Многу прашања остануваат отворени во однос на координирата политиката на земјите членки на Унијата.

## Заклучок

Руската инвазија, претставува сериозно кршење на меѓународното право и сериозна закана за европската, но и глобалната безбедност. Украинскиот конфликт ќе остави трајни последици врз глобалната безбедносна архитектура, има силен импакт врз глобалната инфлација, глобалната сиромаштија, глобалниот недостаток на храна и суровини. Но, секако ќе остави и трајни последици врз европскиот континент. Државите членки на Европската Унија во однос на Русија постојано се водеа од нивните национални интереси. Додека едни, како Полска на пример, ја разбираа Русија како потенцијална закана, други, како Германија и Унгарија на пример, во Русија гледаа партнер. Трети пак, кои немаа изградено никакви трговски врски со Русија, како Шпанија на пример, не се ни вдлабочуваа по прашањето за градење заедничка политика кон Русија. Кулминацијата на неусогласените политики на Унијата во однос на Русија се случи кон крајот на 2021 година. Иако Русија трупаше војски на граничната линија со Украина и постојано укажуваше дека Унијата како гарант на минските договори не сторила ништо за нивна имплементација, челниците на европските држави не ја сфаќаа сериозно заканата која сè повеќе беше извесна дека ќе се

случи и реториката на Москва ја толкуваа како блеф. Неусогласеноста на политиките на државите членки на ЕУ доминира и во време на траење на конфликтот во Украина. Додека едни заговараат најтврди санкции и се придржуваат кон нив, други тргнувајќи од заштита на своите национални интереси водат сопствени политики и понатаму остваруваат трговски врски со Русија посебно во енергетскиот сектор. Но и покрај сите несогласувања, Унијата успева некако да ги амортизира барањата на државите и да гради нееднакви политики зависно од тоа дали државите излегуваат на море или не.

Најзагрижувачкото прашање по безбедноста на Унијата, сигурно не е инфлацијата, бегалците или недостатокот на енергенси, репроматеријали и храна. Прашањето на кое Европејците немаат одговор е како да се изгради адекватна безбедносна структура која ќе може да се спротивстави на нуклеарна сила како Русија, а притоа да не се ризикува да се предизвика нуклеарна војна.

Дипломатијата на Унијата потфрли. Конфликтот не се реши по пат на дијалог и соработка туку ескалираше во воен конфликт од кој, на крајот, најголем губитник секако ќе биде Украина. Веројатноста дека Русија ќе излезе како воен победник со освоени територии е сè поголема, но цената што ќе ја плати ќе ја врати Русија во времето на осумдесеттите години од минатиот век. За волја на вистината и европскиот континент ќе трпи огромни последици за чија санација ќе бидат потребни години и по завршување на конфликтот. Недовербата на релација ЕУ – Русија ќе треба време за да се омекне, за кое време пазарот ќе си наоѓа нови патишта, па така економиите на европските држави и Руската Федерација веројатно во нашиот животен век нема да ги видиме развиени на нивото пред украинскиот конфликт.

Во глобални рамки Кина и Индија како земји кои заедно имаат популација од над 2 милијарди жители ќе имаат големо влијание врз идните глобални безбедносни предизвици, додека малите и средните државите од Блискиот Исток, азискиот и африканскиот континент ќе пробаат да градат свои независни политики приближувајќи се кон страната каде имаат поголем интерес, притоа заборавајќи на традиционалните врски.

**Литература**

ABC News, (2014). Angela Merkel says Russia no longer in the G8, March 21.
Adler-Nissen, R. (2014). Opting Out of the European Union: Diplomacy, Sovereignty and European Integration, Cambridge University Press.
Boston Globe, (2014). Putin agrees to 'contact group' to talk about Ukraine, Germany says, March 2.
Bundestag, (2014). Kanzlerin Merkel droht Russland mit Sanktionen (Chancellor Merkel Threatens Russia with Sanctions), Berlin: Deutscher Bundestag, March 13.
Cameron, S. M. (2009). Phoenix from the Ashes, ANU E Press, Camberra.
Chivvis, C.S. and Rid, T. (2009). The Roots of Germany's Russia Policy, Survival, vol. 51 (2).
Deutsche Welle, (2015). Reforming police by EU standards: can it be successful, Юрій Шейко.
Guardian, (2014). Crimea crisis: David Cameron dares to poke the Russian bear, March 21.
Stelzenmüller, C. (2009). Germany's Russia question: a new Ostpolitik for Europe, Foreign Affairs, vol. 88 (2).
Haidar, S. (2022). India abstains from Human Rights Council vote to probe Russian actions, The Hindu, March 04.
EU observer, (2014). Centre-right leaders give Ukraine hope of EU membership, March 7
Kulesa, L. (2016). Towards a New Equilibrium: Minimising the risks of NATO and Russia's new military postures, European Leadership Network.
Krause, J. (2004). Multilateralism: behind European views, The Washington Quarterly, vol. 27 (2).
Janning, J. (2015). German foreign policy and the EU: Leader by default?, ECFR commentary, 2 May.
Ministere de la Défense, (2013). Livre blanc sur la Défense et la Securité Nationale [The White book on National Defence and Security].
Reuters. (2014). France puts off defence, foreign ministers visit to Moscow, March 17.
European Commission, (2019). Military and civilian missions and operations. EEAS - European External Action Service.
White House, (2014). Remarks to the Press by Vice President Joe Biden, President Dalia Grybauskaite of Lithuania and President Andris Berzins of Latvia, March 19.
Zarate, J.C. (2014). Making Russia pay for its actions in Ukraine, Washington Post, March 7.